РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAOEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-979/3
27-04-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-1481/1 од 12.05.2025 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости на спроведена постапка за унапредување на вработено лице во --------------- -- --------------- -----------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, постапил друг надлежен орган.
До Министерството за економија и труд да се поднесе барање, за преиспитување на работењето на државниот инспектор за труд кој го извршил предметниот надзор во --------------- -- ------------------- ----------------- во врска со констатираните состојби во Записникот од извршениот надзор .

Предметот со број 12-1481/1 од 12.05.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 12.05.2025 година поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости на спроведена постапка за унапредување на лицето ------- ------------------------ вработен во --------------- -- --------------- ----------------- по која оформен е предмет број 12-1481/1 од 12.05.2025 година.
Во пријавата се наведува дека посоченото лице било вработено во --------------- од Министерството за -------------- ------------ со спогодба за преземање и распоредено на работно место инспектор за заштита на витални економски интереси и финансиска безбедност на државата во Единица – ---------- --------- во канцеларија – ------------ -. Споменатото лице, во месец мај 2023 година и во периодот од август до декември 2024 година било два пати унапредено на друго работно место во повисок платен ранг.

Во насока на утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, ДКСК побара Државниот инспекторат за труд да изврши вонреден инспекциски надзор во --------------- -- --------------- ----------------- во врска со предметните постапки за унапредување. По разгледување на целокупната документација во предметот ДКСК го констатира следното:

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

-Од Државниот инспекторат за труд на 07.11.2025 година извршен е вонреден инспекциски надзор при кој било утврдено дека работодавачот постапил спротивно на член 113 став 1 алинеја 4 и член 98 став 2 од Законот за --------------- -- --------------- -----------------. Инспекторатот во овој случај нема со Решение да изрече инспекциска мерка бидејќи роковите за постапување се поминати и со изрекување на истата не можат да се отстранат утврдените неправилности како и да се постигне целта на инспекциската постапка, Законот за --------------- -- --------------- ----------------- не содржи прекршочни одредби.

Во дополнително произнесување на инспекторот по повторно барање на ДКСК, инспекторот појасни дека Законот за --------------- -- --------------- ----------------- не предвидува прекршочна санкција за утврдената повреда, од страна на Државниот инспекторат за труд не е покрената прекршочна постапка.

- Согласно член 79 став 8 од Законот за инспекциски надзор, инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор има право да поднесе барање за поведување на прекршочна и/или кривична постапка против субјектот на инспекциски надзор.

Врз основа на констатираното, ДКСК утврди дека за конкретниот случај постапил друг надлежен орган, извршил инспекциски надзор во предметните постапки, при што во предметниот случај не била покрената прекршочна постапка од причина што Законот за --------------- -- --------------- ----------------- не предвидува прекршочна санција за утврдената повреда.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај, а до Министерството за економија и труд ќе поднесе барање за преиспитување на работењето на државниот инспектор за труд кој го извршил предметниот надзор во --------------- -- --------------- -----------------, во врска со констатираните состојби во Записникот од извршениот надзор, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D. -член/anëtar

Доставено до: Подносителот на пријавата